**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр.10–128/4 од 23.06.2025 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за спроведување на јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија, новопланиран 10 (20) Kv подземен кабелски вод во КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип Општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија, новопланиран 10 (20) Kv подземен кабелски вод во КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип Општина Пробиштип,** изработен од страна на Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн **„СТУДИО АТРИУМ” – ДОО Штип,** со **Тех.бр.У-06/25 од Мај 2025 година.**

Површината на проектниот опфат за кој се добиени услови за планирање на простор изнесува **П = 0,23 ха**, а должината на предвидената траса во урбанистичкиот проект за кој се добиени услови за просторот изнесува **4 625,88м**. Проектниот опфат е формиран од површините на дел од катастарската од КО Пробиштип, КО Стрмош, КО Петршино, Општина Пробиштип. Урбанизацијата во овој проект се однесува на делот каде што не е урбанизирано. Проектниот опфат претставува неизградено земјиште во најголем дел во сопственост на РСМ. Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ”бр.225/20 и 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25) предвидени намени во проектниот опфат се следните:

Е–ИНФРАСТРУКТУРА:
**Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**
**Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија**

Оваа проектна програма се однесува на делот од кабелот кој ќе се реализира надвор од границите на ГУП на Општина Пробиштип. Услови за планирање на просторот се добиени за дел од трасата која нема предходна урбанизација. Дел од трасата ќе се протега во градското

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*

подрачје на Општина Пробиштип односно во границите на ГУП на Град Пробиштип. Во тој дел реализацијата на кабелот е со изработка на Основен проект за инфраструктура.

## ЈАВНИОТ УВИД

**на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија, новопланиран 10 (20) Kv подземен кабелски вод во КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип Општина Пробиштип,** изработен од страна на Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн **„СТУДИО АТРИУМ” – ДОО Штип,** со **Тех.бр.У-06/25 од Мај 2025 год.,** ќе трае 15 (**петнаесет**) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената ***web*** страна на општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, во периодот од **23.06.2025 год.** до **07.07.2025 год.**, за кое време може да се доставаат евентуални забелешки, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

**Со почит,**

Изготвил: Ј.Дукоска JORDANKA DUKOSKA Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2025.06.23 08:23:47 +02'00'
Одобрил: Б.Станојковски

BRANKO STANOJKOVSKI Digitally signed by BRANKO STANOJKOVSKI Date: 2025.06.23 08:40:43 +02'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
Драган Анастасов

Dragan Anastasov Digitally signed by Dragan Anastasov Date: 2025.06.23 08:52:55 +02'00'